РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 02-2502/7
25.08.2026 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ЗАПИСНИК
## од продолжението на 23. седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржано на 18.8.2026 година

**Членови на Советот на Агенцијата присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Сашо Стефановски, м-р Зирјета Јајага, Афрона Врзиволи, Цветанка Миновска, Петар Џуровски, Виктор Павловски, м-р Гордана Мајнова.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

На седницата преку видеоконференциска врска беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Вработени од Стручната служба присутни преку видеоконференциска врска:** м-р Драгица Љубевска, д-р Ивана Стојановска, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, м-р Ружица Бошњакоска-Јотевска, Сергеј Тодоровски.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски го отвори продолжението на 23. седница на Советот. Седницата почна во 13:00 часот и се одржа преку видеоконференциска врска. На седницата се разгледуваше точката 2 од 23. седница - „Предлог-одлука за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на РС Македонија“, која беше одложена.

**Точка 2**

Советничките м-р Зирјета Јајага и Афрона Врзиволи предложија во делот со кој се утврдуваат критериумите за квалификувани радиодифузери за емитување настани од големо значење, поточно во точка 5 став 1, по четвртиот критериум да се додаде нов став, кој ќе гласи:

„При утврдувањето на квалификуваните радиодифузери, особено се зема предвид радиодифузерот кој, покрај исполнувањето на наведените критериуми, врши дејност од јавен интерес и има обврска да обезбедува радио и телевизиски програмски сервиси од значење за остварување на интересите на целокупната јавност“.

Заменичката на претседателот на Советот на Агенцијата, м-р Зирјета Јајага, објасни дека предложеното дополнување има за цел дополнително да го зајакне јавниот интерес при определувањето на радиодифузерите кои можат да ги емитуваат настаните од големо значење. Наведе дека постојните критериуми првенствено се однесуваат на техничката покриеност, достапноста на програмскиот сервис, некодираното емитување и обезбедувањето на содржината на македонски јазик. Овие

критериуми се од особено значење за обезбедување широк и недискриминаторен пристап на јавноста до настаните, но не ја земаат предвид во доволна мера и улогата што одредени радиодифузери ја имаат во исполнувањето на јавниот интерес во областа на радиодифузијата. Настаните од големо значење имаат посебна општествена вредност и нивното емитување не треба да се разгледува исклучиво од аспект на комерцијалната достапност, поради што предлагаат при утврдувањето на квалификуваните радиодифузери да се зема предвид и нивната функција од јавен интерес.

При тоа, образложија дека предложеното дополнување не значи исклучување на другите радиодифузери кои ги исполнуваат утврдените услови, ниту ограничување на нивното право да се квалификуваат за емитување настани од големо значење. Напротив, основните критериуми за квалификуваност остануваат непроменети и продолжуваат да се применуваат еднакво на сите радиодифузери кои ги исполнуваат условите. Со тоа се задржува можноста сите радиодифузери што ги исполнуваат пропишаните услови да бидат квалификувани, при што дополнително се овозможува да се земе предвид и специфичната улога на радиодифузерите кои имаат утврдени обврски во исполнувањето на јавниот интерес. На овој начин се обезбедува баланс меѓу принципот на еднаков пристап на радиодифузерите и потребата, при емитувањето настани од големо значење, да се земе предвид и јавната функција на радиодифузерот, со што дополнително се зајакнува заштитата на правото на јавноста на пристап до овие настани.

Директорот на Агенцијата д-р Зоран Трајчевски укажа дека предлогот што го дадоа советничките е прифатлив, треба да биде составен дел на доставената предлог-одлука и предложи Советот да го усвои.

Советничката Гордана Мајнова побара појаснување дали надополнувањето би било правно обврзувачки во законот или е само препорака.

Директорот Трајчевски образложи дека станува збора за одлуката, односно за подзаконскиот акт и при одлучување на два радиодифузери коишто ги исполнуваат критериумите предност да има јавниот сервис.

Претседателот на Советот м-р Сашо Стефановски појасни дека оваа препорака не влегува во законските акти.

Советот на Агенцијата едногласно ја усвои Одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на РС Македонија со следново дополнување во точка 5 став 1, по четвртиот критериум: „При утврдувањето на квалификуваните радиодифузери особено се зема предвид радиодифузерот кој, покрај исполнувањето на наведените критериуми, врши дејност од јавен интерес и има обврска да обезбедува радио и телевизизиски програмски сервиси од значење за остварување на интересите на целокупната јавност.“

Секторот за програмски работи да ги извести Европската комисија и Комитетот за прекугранична телевизија при Советот на Европа за новодонесената Одлука за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на РС Македонија.

Одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на РС Македонија влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Со денот на влегување во сила на Одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на РС Македонија престанува да важи Одлуката за утврдување листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија бр.02-1875/1 од 12.3.2015 година.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**претседател на Советот,**

**м-р Сашо Стефановски**